**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

# П Р О Г Р А М А
# НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ОД ОБЛАСТА НА СОРАБОТКА СО ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ И ФОНДАЦИИ ЗА 2026 ГОДИНА

Сектор за финансиски прашања, даноци и локален економски развој
Одделение за локален економски развој и евроинтеграции

**КРИВА ПАЛАНКА**
**2025 ГОДИНА**



+389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

# П Р О Г Р А М А

на Општина Крива Паланка од областа на соработка со здруженија на граѓани и фондации за 2026 година

Општина Крива Паланка веќе неколку години station наназад важи за една од водечките општини во Република Македонија во делот на траснпарентност и отчетност. Во изминатите неколку години, во рамки на Проектот за регионална програма за локална демократија во Западен Балкан (ReLOad), финансиран од ЕУ преку UNDP. Како награда за успешната имплементација на проектот, претставници на општината учествуваа како презентери на добри практики на завршната конференција во х.Солун, Скопје, во организација на УНДП и Делегација на Европската Комисија во Република Северна Македонија. Со имплементација на самата програма, со кофинансирање на средства од општинскиот буџет, беа доделени повеќегрантови и успешно ја имплементирани проекти на неколку локлани граѓански организации, со целосна примена на ЛОД методологијата. На овој начин општината даде значајна поддршка во процесот на зајакнување на капацитетите на локалните граѓански организации за имплементација на проекти и проектни активности и се наметна како сериозен партнер и поддржувач во нивниот процес на зајакнување како локални субјекти и партнери на општината при креирањето на локалните политики и придонес за понатамошен развој и подобрување на квалитетот на живеење на локалната заедница, како и втемелување на социјална правда и еднакви можности за сите граѓани и граѓанки од заедницата. Востановениот начин на работа и соработка ќе продолжи и во 2026 година, а ќебиде детерминирано со програмата за соработка со граѓанскиот сектор, во која се креирани мерки и активности што значат континуирана поддршка и распределба на буџетски средства за имплементација на активности од интерес за локалната заедница. Општина Крива Паланка ќе продолжи со сериозен пристап за соодветната распределба на јавните финансии како потврда за добрите намери на локалната власт за одговорно управување со јавното трошење и услугите кои се даваат на граѓаните. Целта на оваа програма е транспарентна подршка и распределба на буџетски средства, особено средства од општинските буџети, со цел да се овозможи покорисно и потранспарентно префрлање на средства до граѓанските организации (ГО).

## I. ЦЕЛИ

Основни цели на Програмата за активностите на Општина Крива Паланка за поддршка на граѓанскиот сектор во 2026 година се:

- продолжување и понатамошно унапредување на успешно востановениот начин на соработка локалните граѓански организации во согласност со можностите, приликите и условите при процес на подготовка и имплементација на мерки, проекти и активности од интерес на локалната заедница;


☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

- промоција на родовиот пристап при креирање на условите за реализирање на активности на граѓаните/ките и локалните граѓански организации со земање во предвид на родовата интеграција, по однос на принципот „No one leave behind“;
- директна распределба на буџетски средства Општина Крива Паланка до граѓанскиот сектор, со висок степен на транспарентност и отчетност во процесот
- понатамошно зајакнување на капацитетот на локалните граѓански организации во процесот на аплицирање и имплементација, односно трошење на буџетски средства добиени по основ на јавен повик, со директна примена на ЛОД методологијата за имплементација на проекти

## II. АКТИВНОСТИ

Одделението за локален економски развој и евроинтеграции, како ресорна институција за соработка со граѓанскиот сектор, за успешна имплементација на програмата на Општина Крива Паланка за соработка со здруженија на граѓани и фондации во 2026 година, во главном ќе имплементира активности кои ќе бидат насочени кон ефикасна реализација на истата и тоа:

- директна поддршка со кофинансирање на проекти и проектни активности на граѓанските организации што ќе ги имплементираат, а се од интерес на локалната заедница и се со цел унапредување на соработката и нивно непречено функционирање. Ова активност ќе се реализира преку распишување на Јавен повик за распределба на финансиски средства за проекти и проектни активности за 2026 година, со средства обезбедени од Буџетот на општина Крива Паланка. Повикот ќе биде на база на веќе востановената ЛОД-Методологија која што е изработена од страна на Проектот за регионална програма за локална демократија во Западен Балкан (ReLOad), финансиран од ЕУ преку UNDP, а усвоена од страна на Советот на општина Крива Паланка. Условите за аплицирање и процесот на имплементација ќе бидат дефинирани со јавниот повик, што ќе биде објавен во првиот квартал во 2026 година;
- континуирана поддршка на здруженијата на граѓани и фондации со човекови ресурси, преку лицето задолжено за комуникација, информации и стручна помош на граѓанските здруженија и фондации, во Одделението за локален економски развој и евроинтеграции;
- континуирана објава и информирање на граѓанските организации за сите повици и конкурси кои се од нивен интерес, како и линкови до сите нивни постоечки веб-страни;
- континуирано евидентирање, ажурирање и промоција на регистарот на граѓански организации, нивни активности и програмски резултати, јавно достапни на општинската веб-страна и профили на социјалните мрежи;
- заедничко креирање на модели и форми за продлабочување на соработката со граѓанскиот сектор, преку нивни директно или индиректно вклучување во партнерство или мрежа на Општината, при имплементација на проекти од различни области, во креирање на локални стратегии и нивно партиципативно учество во изготовката на годишни програми и Буџетот на Општината.


+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

- Континуирана поддршка на граѓанскиот сектор преку ставање на сопствени ресурси, во облик на простор, инвентар и материјали за потребите на граѓанскиот сектор, особено општинските сали со целокупната нејзина техничка опрема, која е постојано на располагање на граѓанскиот сектор при имплементација на нивните проектни и програмски активности;

## III. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма ќе биде со средства од Буџетот на Општина Крива Паланка, и тоа во висина од вкупно 600.000,оо денари.

| Табеларен приказ на предвидени активности за 2026 година | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| р/б | **Предвидени активности** | **Носител** | **Средства од општински буџет** | **Тип на поддршка/соработка** | **Временски период на имплементација** |
| 1. | Давање поддршка на проекти, проектни и програмски активности и идеи, кои се од поширок општествен интерес и согласно со стратешките документи на Општината и кои подеднакво ги задоволуваат потребите на мажите и жените и младите | Општина Крива Паланка | 500.000,00 | Подготовка и објава на Јавен повик, трансфер на средства до ГО-и, мониторинг и известување за тек на имплементација. | јануари 2026 - декември 2026 г. |
| 2. | Други активности предвидени со програмата | Општина Крива Паланка | 100.000 | Покровителство/ партнерство / заедничка имплементација | Во текот на целата година |
| | **ВКУПНО** | | | | **600.000 ден**. |

## IV. ДРУГИ ФОРМИ НА ДЕЛУВАЊЕ

Освен со финансиски средства Општина Крива Паланка, активностите на граѓанскиот сектор ќе ги помага и со:

- Покровителство;
- Доделување награди и признанија;
- Учество на промотивни и протоколарни средби;
- Организирање, форуми, трибини, дебати, кампањи и сл. на теми што се од јавен интерес;

За реализација на целите на Програмата, Општина Крива Паланка ќе ги преземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање техничките и човечките ресурси. Ќе соработува со сите чинители (организации, институции и поединци) и засегнати страни за унапредување на соработката со граѓанските организации, кои се еден од главните партнери во реализацијата на активностите на Општината.
Програмата е родово сензитивна и вкупниот буџет на програмата од **600.000,оо** денари е родово сензитивен.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, истата ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Крива Паланка, а ќе се применува од 01.01.2026 г.

**Broj.09-6407**
**09.12.2025 година**
**Крива Паланка**

**Совет на Општина Крива Паланка**
**Претседател**
**Миле Трајковски**



+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

# АКЦИСКИ ПЛАН

## Оперативна, родово сензитивна буџетска програма од областа за соработка со здруженија на граѓани и фондации на Општина Крива Паланка за 2026 година

| **Буџетска програма и конто** | **1.** | **ЦЕЛ: Унапредување на соработка со граѓанските организации во согласност со можностите и условите;** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати/индикатори** | **Носител на активноста/ Одговорен** | **Буџет мкд** |
| | **1.1.** Давање поддршка на проекти и програмски активности и идеи, кои се од поширок опшествен интерес и согласно со стратешките документи на Општината и кои подеднакво ги задоволуваат потребите на мажите и жените и младите. | 1.1.1. Подготовка и објава на Јавен повик, трансфер на средства до ГО-и, мониторинг и известување за тек на имплементација согласно усвоена ЛОД Методологија | Јануари-Декември | Број на подржани проекти кои третираат прашања кои директно ги засегаат и жените и мажите и кои се менаџирани од жени и мажи.<br><br>Транспаренстност во процесот и објава на сите резултати од процесот и конкретни резултати од имплементација на проектите заради постигање на максимален ефект од распределените средства.<br><br>Објавен јавен повик за ГО во областа млади со вклучена родова перспектива како интер-секторска тема/објавени резултати<br><br>Ќе бидат поддржани проектни апликации со подеднаков третман | Општина Крива Паланка | 500.000,00 ден. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | на мажите и жените како корисници | | |
| | 2. | ЦЕЛ: Создавање услови за реализирање на активности на граѓаните и здруженија на граѓани; | | | | |
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати/индикатори** | **Носител на активноста/ Одговорен** | **Буџет мкд** |
| | 2.1. Иницирање на поголема партиципативност на граѓанскиот сектор, преку негово директно вклучување во работењето на Општина Крива Паланка. | 2.1.1. Претставници на граѓанските организации се директно вклучени во процесот на подготовка и креирањето на родово одговорен Буџетски форум на општината. | Октомври-Декември | Директна вклученост во форумскиот процес на жени и мажи од кои барем 30% од учесниците се припадници на граѓанскиот сектор. | Општина Крива Паланка | / |
| | | 2.1.2.Граѓанско директно учество и во други активности што ги организира и спроведува општината (стратешки планирања, проектни форуми, работилници и др. активности) | | Број на партиципативно учество на жените и мажите во разни активности на општината | | |
| | | 2.1.3. Обезбедување просторни и технички услови за работа на здруженијата на граѓани од општината. | Јануари-Декември | | Општина Крива Паланка | / |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **3.** | **ЦЕЛ: Зголемување на транспарентноста и отчетноста на Општина Крива Паланка во распределба на средства наменети за граѓанските организации.** | | | | |
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати/индикатори** | **Носител на активноста/ Одговорен** | **Буџет мкд** |
| | 3.1. Други активности за подршка на ГО, предвидени со програмата-Покровителство/ партнерство / заедничка имплементација | 3.1.1. Организирање трибини, форуми, работилници, кампањи и сл. на теми што се од јавен интерес;<br>Учество на промотивни и протоколарни средби;<br>Логистичка поддршка во реализација на акции и иницијативи, вмрежувања, лобирања и остварување на партнерства; | јануари- декември | Број на партиципативно учество на жените и мажите во разни активности на општината | Општина Крива Паланка | 100.000,00 ден. |
| | | | | | **ВКУПНО** | **600.000 ден.** |

**Бр.________________**
**05.12.2025 г.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Миле Трајковски**